Архивски број: 08-375/3
27-06-2023 година

Постапувајќи по претставка број 08-375/1 од 26.05.2023 година, поднесена од [redacted] од Прилеп, со адреса на живеење на [redacted] против Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија, со седиште на ул. ‚Мирче Ацев" бр. 6 во Скопје, за извршена дискриминација по основ на друго уверување во областа на членување и дејствување во синдикати, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на 26.06.2023 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката со број 08 –375/1 од 26.05.2023 година, поднесена од [redacted] против Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија**, поради неуредност.**

### Образложение

На 26.05.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка за заштита од дискриминација од подносителката [redacted] од Прилеп, со адреса на живеење на [redacted] против Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија (во понатамошниот текст: Синдикатот на УПОЗ), со седиште на ул. „Мирче Ацев", бр. 6, Скопје, за извршена дискриминација по основ на друго уверување во областа на членување и дејствување во синдикати, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство.

Во претставката подносителката наведува потенцијален дискриминатор, меѓутоа не дава никаков опис на настанот. Во прилог на претставката единствено е доставен допис од Синдикатот на УПОЗ со кој не се прифаќа барањето за истапување на подносителката [redacted] од членството при УПОЗ. Според член 19 став (1) од Статутот на Синдикатот на УПОЗ „ *Членот на Синдикатот кој користел средства од Солидарниот фонд или која било погодност или бенефиција од Синдикатот, не може да истапи се до момоентот на конечната исплата на средствата и доколку користел позајмица* " и член 19 став (3) кој гласи „ *Доколку членот користел права од ставовите*

*(1) и (2) од овој член, не може да истапи во период од три години од денот на поднесување на барањето за истапување*." Согласно на овој член, Синдикатот не го прифатил барањето за истапување на [redacted] бидејќи таа има користено привилегија / бенефит од Синдикатот и тоа парична помош во исклучителни случаи со Одлука бр. 1001-20/318 од 18.02.2022 година во износ 3000 денари. Од вториот доставен прилог се гледа дека Синдикатот ги прифатил барањата за истапување од синдикатот на други пет лица.

Со оглед дека од наводите изнесени во поднесената Претставка, Комисијата не беше во можност целосно и јасно да ја утврди фактичката состојба, па согласно член 24 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се обрати до подносителката со Барање за доуредување на претставката, заведено под број 08-375/2 од 12.06.2023 година, во кое наведе дека е потребно на јасен, прецизен и читлив начин подносителката на претставката да ги изнесе сите факти и околности на кои ја заснова истата, особено наведување на детален опис на настанот врз основа на кој смета дека била ставена во дискриминирана положба.

Во смисла на наведеното, подносителката не достави доуредување на претставката во законски утврдениот рок од 8 дена од приемот на Барањето за доуредување.

Врз основа на изнесеното се утврди дека поднесената Претставка е неуредна, односно нејасна и не ги содржи сите потребни елементи кои треба да ги содржи претставката, кои се предуслов за понатамошно постапување од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Од овие причини, Комисијата одлучи да ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
26.06.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Заменик-Претседател

Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива